Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 15-04-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2390 | 1 | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Рок на чување: 001 / 10 год.
____20___г. Скопје
Потпис

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставка од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (бр. 03-100/1 од 22 март 2016 година);

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 8 март 2016 година, дневно-информативниот појас во 20 часот;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 април 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги -** објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (алинеја 9).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Врз основа на претставка од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (бр. 03-100/1 од 22 март 2016 година) беше направена анализа на дневно-информативниот појас од 20 часот емитуван на 8 март 2016 година на телевизискиот програмски сервис на државно ниво ТВ НОВА.

Претставката е збирна и конкретно се однесува на тоа дека:

*„Во вестите на ... четири телевизии (Сител, Канал 5, Алфа и Нова) воопшто немаше информација за активностите на Специјалното јавно обвинителство тој ден, а тоа е претресот на куќата на Мунир Пепиќ, еден од осомничените во случајот „Титаник"... Овој настан беше главна информација на сите останати медиуми во државата, освен на наведените четири национални медиуми." ... „Со занемарување и намерно игнорирање на неговите активности (СЈО), наведените телевизии свесно не ја информираат, односно ја дезинформираат јавноста, со што ја доведуваат во прашање сопствената објективност и транспарентност во работењето. Со најголем дел на идентични прилози во вестите и со занемарување на веста на денот, која ја пренесоа голем дел од телевизиите и порталите кои имаат независна уредувачка политика, овие национални телевизии покажаа дека работат и ја уредуваат политиката по налог на центри на политичка моќ и дека за*

*нив повеќе не може да стане збор како за независни и избалансирани медиуми.*" Притоа, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија смета дека се крши членот 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (поконкретно начелото од алинеја 9 за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања).

***

Со надзорот беше констатирано дека во дневно-информативниот појас од 20 часот на ТВ Нова од 8 март 2016г. не се застапени информации за активностите на Специјалното јавно обвинителство тој ден, односно за претресот на куќата на Мунир Пепиќ, еден од осомничените во случајот „Титаник".

Споредбената анализа покажа дека посебни прилози за овој настан на 8 март 2016 година се регистрирани во централните дневно-информативни изданија на: МРТ 1 (19:51:35 – 19.51:56), МРТ 2 (18:36:53 – 18:37:21), Алсат – М (19:05:58 – 19:07:54), Телма (18:31:47 -18:33:55), ТВ Шења (18:56:08 – 18:58:40), ТВ Компани 21-М (18:33:34 – 18:35:56) и ТВ Арт (18:46:50 -18:47:23).

Треба да се има предвид дека заклучок за тоа дали постои тенденција некои информации да се испуштаат/за некои настани да не се информира, може да се донесе само преку анализа на подолг временски период, како и оти радиодифузерите, согласно начелото за самостојност и одговорност во уредувачкиот пристап (член 61 став 1 алинеја 13 во ЗААВМУ), самите одлучуваат кои информации ќе ги емитуваат во своите дневно - информативни програми и на каков начин (т.е. со кој жанр, аудиовизуелна обработка итн.). Сепак, тие притоа треба да водат сметка и за потребата доследно да ги почитуваат програмските начела, односно професионални стандарди и принципи и да обезбедат информации за актуелните настани со цел јавноста да може самостојно да изгради став за прашањата од општествено – политичко значење (член 61 став 1 алинеја 9 во ЗААВМУ).

Што се однесува до прашањето за балансот во известувањето – Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го поставува барањето за еднаков третман на различни гледишта и мислења, но не дава параметри за тоа како да се обезбеди плурализам на гледишта и ставови. Тој не зборува ниту за баланс, што е предмет на Изборниот законик, кој во член 75-а определува дека постојат два принципи - пропорционалност и еднаквост - кои важат во периоди на различни изборни процеси. И за време на изборните процеси и надвор од нив, заклучоците за балансот во известувањето, односно за обезбедување плурализам на гледишта и ставови - не се извлекуваат врз основа на едно издание на дневно – информативна програма, ниту на дневна основа.

**8. Предлог:**

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да го извести Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје за претставката и наодите од надзорот и да му укаже на фактот дека треба сериозно и доследно да го почитува начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***
*Изработил: м-р Сашо Богдановски, виш соработник во Одделението за човекови права и медиумска писменост*
*Контролирала: м-р Емилија Петреска - Камењарова, раководителка на Одделението за човекови права и медиумска писменост*
*Одобрила: м-р Емилија Јаневска, раководителка на Секторот за програмски работи*